| **Неделна Тема** | Патот нс четирите годишни времиња |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Сказна за четирите годишни времиња |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-како треба соодветно да се облекуваме според годишното време за да го сочуваме нашето здравје. |
| **Активности** | Како вовед во  активност најпрво утврдете ги сознанијата за годишните времиња користејки ја дидактичката игра која ја изработивте од предходниот ден (активност 4-6 понеделник 7.12.2020). Потоа прочитајте ја приказната „Сказна за четирите годишни времиња“ (користи слики во прилог). Читајте внимателно,разбирливо и користете соодветна интонација за децата да може да ја разберат содржината на прочитаниот текст. Кога ќе ја прочитате приказната разговарајте за содржината и помогнете му на детето да ја прераксаже со помош на прашања и кратки одговори. Потоа може сите членови од семејството да се поделите по улоги и да ја  драматизирате приказната и да уживате во заедничките моменти.<br>За крај понудете му на детето ликовни материјали  да ги илустрира доживувањата од приказната. Закачете го цртежот на видно место во собата. |